**20171633130**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за заштита на децата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 9 ноември 2017 година.

Бр. 08 - 3939/1
9 ноември 2017 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Член 1

Во Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15 и 27/16), во членот 48 по став (6) се додаваат два нови става (7) и (8), кои гласат:

„(7) По исклучок на ставот (5) на овој член, за дете од членот 33 од овој закон, за кое е издаден траен наод од стручен орган, барање за продолжување на правото на посебен додаток за наредната година не се поднесува.

(8) Траен наод, во смисла на ставот (7) на овој член, е наод и мислење за оцена на видот и степенот на попреченоста и посебните потреби издаден од стручен орган, во кој е констатирано дека не е потребен повторен преглед, контрола и/или рекатегоризација.".

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува од 1 јануари 2018 година.